| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (А) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Кануркова Л, Ќурчиева-Чучкова Г, Ципунова Г, ТошескаСпасова Н, Мишевска Бајрактарова Ц, Гавриловиќ И | Прилози од предавања | | 2025 |
| | | 2. | Christine French Beatty | Community Oral Health Practice for the dental hygienist | Saunders | 2022 |
| | | 3. | Christine French Beatty | Evolve resources for community oral health practice for dental hygienist | Saunders | 2022 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Министерство за здравство | Закон за заштита на правата на пациентите | Службен весник бр.82 2008 | 2012 |
| | | 2. | Alexander Mathioudakis Ilona Rousalova, Ane Aamli Gagnat Neil Saad, Georgia Hardavella | How to keep good clinical records | ERS Publications | 2016 |
| | | 3. | Агенција за заштита на лични податоци | Закон за заштита на лични податоци | Службен весник бр.42 16.02.2020 | 2020 |

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Орална биохемија и физиологија | | | |
| 2. | Код | ОХЗОБФ1 | | | |
| 3. | Студиска програма | Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ-Стоматолошки факултет –Скопје, Катедра по болести на уста и пародонт | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 1 | семестар | 1 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 8 | | | |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Снежана Пешевска (одговорен наставник), Катарина Дирјанска, Стевица Ристовска, Емилија Стефановска |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Студентот ќе ги разбере биохемиските процеси во оралниот медиум, запознавајќи се со карактеристиките на оралните ткива, но и плунката како интегрален и суштествен дел во устата и нивното значење како за оралната хомеостаза така и за етиопатогенетските случувања при патолошките процеси условени и од оралниот биофилм. Теоретските познавања на физиологијата на човекот е неопходен дел од наобразбата на овој профилиран стоматолошки стручен кадар кој ќе овозможи добиеното знаење за физиолошките процеси да резултираат со добра клиничка пракса. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | **Теоретска настава -предавања**<br><br>1. **Поглавје Плунковни жлезди, регулација и механизам на секреција на плунката, биохемиски состав на плунката, одржување на интегритетот на оралните структури, самочистење во оралната празнина, регулација на електрохемиската реакција и значење на плунката во одржување на оралната хомеостаза**<br>Анатомо-хистолошки карактеристики на плунковните жлезди -градба, васкуларизациј и инервација 1час<br>Големи плунковни жлезди 1час<br>Регулација на секрецијата на плунката , влијание на разни фактори врз количеството на плунката- нестимулирана плунка / стимулирана плунка 1час<br>Влијание на разни фактори врз квалитативните карактеристики на плунката 1час<br>Механизам на секреција на плунката -механизам на секреција на вода и електролити и<br>биохемиски состав на плунката 2часа<br>Плунка и перцепција на дразбите за вкус 1час<br>Саливарни протеини- општи крактеристики и механизам на нивна секреција 1час<br>Антимикробни пептиди присутни во плунката (лизозим, лактоферин, хистатини, дефензини) 2часа<br>Други саливарни протеини што учествуваат во неспецифичната имунолошка заштита на оралната празнина (протеини богати со пролин, саливарна карбоанхидраза, статерини) 1час<br>Одржување на интегритетот на оралните структури, саливарни муцини 2часа<br>Самочистење во оралната празнина, саливарна амилаза 2часа<br>Регулација на електрохемиската реакција ( бикарбнатен пуфер, фосфатен пуфер, протеински пуфер, други пуфери во салива) и значење на плунката во одржување на оралната хомеостаза 2часа<br>*Резултати од 1 поглавје :* Совладувајќи ја предметната содржина од ова поглавје студентот ќе се запознае со анатомохистолошките карактеристики на плунковните жлезди во оралната празнина, со механизмот на секреција на плунката и дел од нејзините составни компоненти. Ќе добие сознанија за начините за одржување на интегритетот на оралните структури, за самочистењето на оралната празнина, како и регулацијата на електрохемиската реакција и значењето на плунката во одржувањето на оралната хомеостаза. Комплексноста на механизмите и синхронизираноста на биохемиските реакции и компоненти кои го овозможуваат протекционирањето на оралното здравје ќе бидат основа за разбирање на физиолошките случувања во оралниот медиум. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2. **Поглавје Биохемиски карактеристики на оралните сврзно-ткивни структури и биолошка минерализација и биохемиски карактеристики на забните ткива**<br>Биохемиски карактеристики на оралните сврзно-ткивни структури (колаген, алвеоларна коска, заби и периодонциум) и биолошка минерализација 3 часа<br>Биохемиски карактеристики на забните ткива ( емајл на забот, дентин, цемент на коренот на забот и забна пулпа) 3 часа<br>*Резултати од 2 поглавје :* Студентите ќе се запознаат со биохемиските карактеристики и синтеза на колагенот, системот на еластични и окситалански влакна, глукозоаминогликаните. Градбената структура на алвеоларната коска, забите и периодонциумот ќе биде разгледана од биохемиски аспект со посебен осврт на начинот на одвивање на биолошката минерализација со што студентите ќе ги осознаат физиолошките карактеристики на забнопотпорните структури.<br>3. **Поглавје Структура и функција на стекнатата дентална пеликула, биохемиски карактеристики на биофилмот и влијание на биофилмот во оралната хомеостаза**<br>Создавање, состав и функции на денталната пеликула 1 час<br>Биохемиски карактеристики на создавањето на биофилмот (протеински матрикс на биофилмот, екстраклеточни полисахарди, метаболна активност на бактериите во биофилмот) и промени на pH во микросредината на биофилмот 3 часа<br>Биофилм и орална хомеостаза - штетни ефекти на биофилмот врз пародонталните ткива и врз цврстите забни супстанции 2 часа<br>Мерки на превенција на штетните ефекти на биофилмот 1 час<br>*Резултати од 3 поглавје :* Темелните биохемиски карактеристики на денталната пеликула и биофилмот, од нивното создавање преку промените условени од микробната активност, кои ќе се ефектуираат во електрохемиската промена во микросредината на биофилмот ќе бидат база за разбирање на динамиката на биофилмот и значењето на истата. Особено значајно ќе биде разјаснувањето на штетните ефекти на биофилмот врз цврстите забни супстанци и пародонталните ткива, но и познавањето на превентивните мерки за супресија на штетните ефекти на биофилмот.<br>4. **Поглавје Физиологија на крвта и физиологија на кардиоваскуларниот систем**<br>Крв и оформени елементи на крвта 4 часа<br>Хемостаза 1 час<br>Воспаление 1 час<br>Циркулаторен систем, срце 3 часа<br>Крвни садови - крвен притисок, лимфен систем 3 часа<br>*Резултати од 4 поглавје :* Познавањето на физиолошките карактеристики на плазмата и оформените елементи на крвта, како и процесите на хемостаза и воспаление се основа за секојдневната работа на стручната стоматолошка сестра орален хигиенолог. Совладувајќи го ова поглавје тие ќе се запознаат со карактеристиките на циркулаторниот систем и срцето, како и со специфичностите на крвните и лимфни садови, со што ќе ги разјаснат и дилемите околу крвниот притисок, како еден од значајните параметри во клинички услови.<br>5. **Поглавје Физиологија на респираторен и дигестивен систем**<br>Белодробна вентилација , фреквенција на дишењето, механизам на дишењето 2часа<br>Белодробна циркулација, размена на гасови 2 часа<br>Регулација на респирацијата 1 час Општи карактеристики на дигестивниот систем 1 час<br>Транспорт и дигестија на храната - секреторна функција на дигестивниот систем, дигестија на храната во тенкото црево, функција на дебелото црево во дигестијата на храната 3 часа<br>Варење на храната во дигестивниот систем 1 час<br>Рецептори на усната празнина и сетила 1 час<br>Видови рецептори, густативни тела и видови вкус 2 часа |

| | | |
|---|---|---|
| | | *Резултати од 5 поглавје :* Усвојувајќи ги физиолошките карактеристики на респираторниот и дигестивниот систем, студентот ќе ги прошири базичните сознанија за физиологијата како и нивното влијание во одржувањето на оралната хомеостаза. Особено значаен сегмент кој ќе се рефлектира во клиничката пракса е совладувањето на на рецепторите во усната празнина и видовите на вкус.<br>6. **Поглавје Физиологија на нервниот систем**<br>Нервна клетка - градба на нервната клетка и поделба на нервните клетки 1 час<br>Поделба на нервниот систем (централен нервен систем - цнс / периферен нервен систем (пнс) 1 час<br>Физиолошки функции на големиот мозок (telencephalon), на меѓумозокот (diencephalon, thalamus, на мозочното стебло - mesencephalon, pons, medulla oblongata и на ‘рбетниот мозок - medulla spinalis 2 часа<br>Автономен нервен систем- симпатичен нервен систем/парасимпатичен нервен систем 1 час<br>*Резултати од 6 поглавје :* Студентот ќе добие базични сознанија за градбата на нервните клетки и нивната поделба. Разликувањето на централниот и периферниот нервен систем,симпатичниот и парасимпатичниот нервен систем, како и познавањето на физиолошките функции на различните делови од мозокот се теоретски делови кои ќе му дадат основа на студентот, но ќе бидат и предизвик за продлабочување на овие знаења.<br>**Вкупно: ............................................................*60 часа***<br><br>***Практична настава-вежби***<br>***- Од првото поглавје 15часа***<br>***- Од второто поглавје 3 часа***<br>***- Од третото поглавје 3 часа***<br>***- Од четвртото поглавје 5 часа***<br>***- Од петтото поглавје 2 часа***<br>***- Од шестото поглавје 2 часа***<br><br>***Вкупно ....................................................................30 часа*** |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Поврзаност со Основи на орална хигиена, Клиничка орална хигиена, Пародонтологија, Орална медицина и патологија |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Интерактивна настава, вежби лабораториски, презентирање и изведување на лабораториски постапки, демонстрирање на инструменти и методи кои се користат, тимска работа |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | **240 часа** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | **60 часа** |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | **30 часа** |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | **30** |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | **120** |
| 18 | Услови за потпис | Присуство на теоретска настава 60% и присуство и учество на практична настава-вежби 80% | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | 40 | |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | 10 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | 50 |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | С. Пешевска, Ќ.Ивановски, С.Ристоска, К.Дирјанска, Е.Стефановска, С. Миндова | Орална биохемија и физиологија за стручни стоматолошки сестри -орални хигиенолози | Стоматолошки факултет-Скопје, УКИМ | 2023 |
| | | 2. | Ќ.Ивановски | Прирачник за практична настава по наставниот предмет Орална биохемија и физиологија | Стоматолошки факултет-Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ | 2023 |
| | | 3. | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Ивановски Ќ., Пешевска С., Дирјанска К., Ристоска С. | Орална биохемија и физиологија | Стоматолошки факултет-Скопје Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ | 2022 |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Ергономија | | | |
| 2. | Код | ОХЗЕ1 | | | |
| 3. | Студиска програма | Студии од I циклус за Стручни стоматолошки сестри - орални хигиенолози | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ - Стоматолошки факултет – Скопје, Катедра за болести на забите и ендодонтот | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Прв циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 1 | семестар | 1 |